

***Во ова продолжение за читателите на порталот „Македонска нација“ ќе ги претста виме имињата, зборовите, изразите, називите, лексикографските термини...кои се во „Библискиот речник“: од***
***Лаван -***
***потомок на Нахор и***
***брат на Ревека, до Лидија – првата Македонка од Филипи***
***која заедно со нејзиното семејство***
***апостолот Павле ги обратил во христијанството и ги крстил***

**Лав** - диви животни, живееле на територијата на целиот Блиски Исток, од Персија до Индија. Се споменуваат 130 пати во СП, што покажува дека често се среќавале.

**Лаван -** *бел,* потомок на Нахор и брат на Ревека. Живеел близу до Еуфрат во горната арамејска земја. И дозволил на сестра си да се омажи за Исак, а кај него подоцна нашол засолниште нејзиниот син Јаков, кога бегал од брат му Исав, кој сакал да го убие. Тој се оженил со двете ќерки на Лаван, Лија и Рахила (1 Мој 24,29;29-31).

**Лага** - кажување на невистина. Старозаветните пророци зборуваат против лажењето, а и во една од Божјите заповеди јасно е потенцирано дека лажењето е грев.

**Лазар** - *помош Божја,* 1) братот на Марија и Марта. Нивното семејство било во блиски пријателски односи со Исус Христос. Кога Лазар умрел, неговото тело било положено во гроб во пештера. Исус го воскреснал по три дни (Јв 11). Позната е и случката со

помазувањето на Исусовите нозе со скапоцено масло во нивниот дом (Јв 12,1 -11); 2) просјакот во параболата за сиромашниот Лазар и богатиот човек (Лк 16,19-31).

**Лак и стрела** - оружје што се користело во библиско време. Лакот се прааел од дрвен рам со оптегната животинска жила (Пс 18:34; 17:35). Стрелите биле Дрвени со метален врв. Познати биле стрелците од племињата на Венијамин, Рувин, Гад и Манасија.

**Лакт-** стара мерка за должина, изнесува околу половина метар. Се разликуваа обичен лакт, кој е помал и царски лакт (Ез 40), кој е нешто поголем; в. Мерки.

**Ламех** - древен патријарх, син на Метусалем и татко на Ное (1 Мој 5,25-31). Тој го вовел многуженството.

**Ламба** - мал сад, со фитил и масло што согорувало, служел за осветлување. Се изработувал во различни форми и големини, од различни материјали: глина, бакар, бронза или злато. Оние за употреба во храмот и домаќинствата биле изработени посебно убаво. Некои од нив стоеле на хоризонтални подлоги, други се закачувале да висат итн.


ANCIENT
PHILIPPI

[illegible]







Пишуваат: **ПЕТКО ЗЛАТЕСКИ И**



**СЛАВЕ КАТИН**